# Фондација без пари!?

Златко Теодосиевски

**Во случајов не е најбитна конкретната фондација. Таа е само попатен пример. Веројатно слична судбина би доживеала и секоја друга фондација од сличен тип во културата. А типот беше лош уште во почетокот. На ура, ќе правиме фондација: малку од државната каса, малку од странската помош, малку од приватниот сектор и - што?**

Неодамна, токму на страниците на "Дневник" (9 јуни), се појави збунувачка информација: Фондацијата за култура нема пари за себе, а камоли за помош на културата!?

Фондација - а нема пари!? А постои само - една година! (?). Значи: банкрот! (?). За само - една година! (?). Веројатно, случка за Рипли.

Замисливо ли е пак следново: Нобелова фондација да објави дека идната година нема да ги доделува познатите награди заради немање пари; "Гугенхајм" да почне да ги затвора музеите од истите причини; "Култур контакт" да банкротира; Фордовата или Фулбрајтовата фондација да ги откажат стипендиите низ светот ... итн.

Некој може да приговори: добро, ама сето тоа е пресилно напишано. Дали? Зашто, ако една фирма, па нека е и фондација, за една година го истроши целиот капитал, а не обезбеди нови/други сигурни извори за в година, нели е тоа - банкрот? Од друга страна, нели фондациите обезбедуваат обртен капитал од камати, инвестиции, други извори... а главницата на средствата стои - негибната? Можеби некому му пречи споредбата со најдобрите во светот. Но, со кого, со што да се споредуваме, ако не со најдоброто? Или, повторно: кај нас сè е можно, дури вообичаено. Култ-ура наместо култура!?

Во случајов не е најбитна конкретната фондација. Таа е само попатен пример. Веројатно слична судбина би доживеала и секоја друга фондација во културата од сличен тип. А типот беше лош уште во почетокот. На ура, ќе правиме фондација: малку од државната каса, малку од странската помош, малку од приватниот сектор и - што?

Тоа што Министерството за култура во почетокот со широка рака го одврза буџетското ќесе и даде шеесетина илјади марки, тоа не мора да значи ништо. Или можеби било разбрано како вечна обврска? Зошто? Зошто државата секоја година би "донирала" (премногу суптилен израз за давање!) пари во која и да е фондација, кога може самата да ги потроши за исти или слични намени! Или, можеби, државата не знае каде да ги потроши, а фондациите - знаат? Но, ако е така, тогаш целиот државен буџет за културата нека оди во фондации!

Едновремено, зошто ФАРЕ или која и да е друга организација од сличен карактер (а всушност еден вид фондација!) би била заинтересирана да дава пари во - друга фондација? Каде е тука логиката: фондациите да си дадат пари меѓу себе! Притоа, не треба да се заборави дека државата со судни маки избори некаков статус и за културата во рамките на програмата ФАРЕ. А сега, и тие малку пари да одат во фондации?

Од друга страна, зошто приватниот сектор би нашол интерес во фондација од областа на културата? Што добива за возврат: чест, слава, благодарност..? Или пак ќе се повикуваме на неопходното национално чувство за културата, за културното наследство...! Приказни за мали деца. Со години во македонската економија се води војна за преживување, пливаат ајкули, паѓаат глави... а фирмите ќе даваат за културата!? Кога некои од нив ќе ја добијат моќта и, особено, реномето на еден "Сименс", "Фиат", "Нокиа", "Сони"... ќе даваат - доброволно! Но, дури и да е спротивното: околу 80 македонски фирми ревносно да си ја плаќаат бараната "членарина" (уште еден суптилен израз за земање пари) од 1.000 германски марки. Тоа се, годишно, 80.000 марки. Тоа ли е буџет на фондација? Каде (кому) и што попрво со "толкави" пари?

Во овој контекст не смее да се зборави и следното: искуствата од светот говорат дека добростоечките фирми се врзуваат пред сè за конкретни проекти, настани, фестивали... Особено ако се од светски размери! Впрочем, нели "Нипон стил" ја финансираше реставрацијата на "Тајната вечера" од Леонардо. На "Светскиот видео фестивал" во Амстердам ќе ги видите како финансиери-спонзори "Филипс", "Сони", "Компак", "Вариг", "Силикон графикс"... Или, кај нас, "Скопска пивара" и "Џез фестивалот" ... итн.

Оттука, за сè постојат готови формули, испробани модели. Па и за фондациите. Треба само да се избере вистинскиот - во вистинско време! Инаку, култ-урните измислици секогаш чинат неколкупати повеќе.

А дека сепак не сме толку "боси" и во оваа работа, покажува досегашното дејствување на фондацијата на г. Трифун Костовски. Или веќе подолговечната фондација на Атанас Близнаков, итн. Без оглед на благородноста на идејата на основачот, на некакви возвишени лични или дури национални чувства, ниту една фондација, а особено во македонската култура, не може да опстане без соодветна економска логика и почитување одредени законитости, општи и специфични.

Нормално, може и поинаку. Но тогаш се добива фондација - без пари!